Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-4030/7 од 18.06.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 18.06.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2015-та година, бр.05-759/1 од 30.01.2015 година, поради потребата од средства за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров", средства за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата, како и средства за други надоместоци.

Вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година ќе останат на утврдениот износ од 208.959.720,00 денари, бидејќи само се врши прераспределба на средствата на четири расходни ставки, и тоа:

- Да се зголеми групната ставка 412 Премии за осигурување за 137.500,00 денари и наместо досегашниот износ од 360.000,00 денари истата да изнесува 497.500,00 денари.
- Позицијата 412100 Премии за осигурување на недвижности и права, наместо досегашниот износ од 180.000,00 денари ќе се зголеми за 137.500,00 денари и ќе изнесува 317.500,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров".

- Да се зголеми групната ставка 442 Други капитални средства за 450.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.015.000,00 денари истата да изнесува 1.465.000,00 денари.

- Позицијата 442100 Откуп на патенти, лиценци и други права, наместо досегашниот износ од 1.015.000,00 денари ќе се зголеми за 450.000,00 денари и ќе изнесува 1.465.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење, кој е потребен за работењето во институцијата.

- Да се зголеми групната ставка 414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 50.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 8.272.000,00 денари истата да изнесува 8.322.000,00 денари.

- Позицијата 414900 Други надоместоци, наместо досегашниот износ од 600.000,00 денари ќе се зголеми за 50.000,00 денари и ќе изнесува 650.000,00 денари.

- Да се намали групната ставка 441 Средства за опрема за 637.500,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.509.200,00 денари истата да изнесува 9.871.700,00 денари.

- Позицијата 441000 Купување на канцелариски мебел, наместо досегашниот износ од 8.779.200,00 денари ќе се намали за 637.500,00 денари и ќе изнесува 8.141.700,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров", средства за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата, како и средства за други надоместоци.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-4030/7 од 18.06.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 18.06.2015 година донесе одлука да се одобри ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2015-та година, бр.05-759/1 од 30.01.2015 година, поради потребата од средства за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров", средства за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата, како и средства за други надоместоци.

Вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година ќе останат на утврдениот износ од 208.959.720,00 денари, бидејќи само се врши прераспределба на средствата на четири расходни ставки, и тоа: да се зголеми групната ставка 412 Премии за осигурување за 137.500,00 денари и наместо досегашниот износ од 360.000,00 денари истата да изнесува 497.500,00 денари. Позицијата 412100 Премии за осигурување на недвижности и права, наместо досегашниот износ од 180.000,00 денари ќе се зголеми за 137.500,00 денари и ќе изнесува 317.500,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров". Да се зголеми групната ставка 442 Други капитални средства за 450.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.015.000,00 денари истата да изнесува 1.465.000,00 денари. Позицијата 442100 Откуп на патенти, лиценци и други права, наместо досегашниот износ од 1.015.000,00 денари ќе се зголеми за 450.000,00 денари и ќе изнесува 1.465.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење, кој е потребен за работењето во институцијата. Да се зголеми групната ставка 414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 50.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 8.272.000,00 денари истата да изнесува 8.322.000,00 денари. Позицијата 414900 Други надоместоци, наместо досегашниот износ од 600.000,00 денари ќе се зголеми за 50.000,00 денари и ќе изнесува 650.000,00 денари. Да се намали групната ставка 441 Средства за опрема за 637.500,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.509.200,00 денари истата да изнесува 9.871.700,00 денари. Позицијата 441000 Купување на канцелариски мебел, наместо досегашниот износ од 8.779.200,00 денари ќе се намали за 637.500,00 денари и ќе изнесува 8.141.700,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште

на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров“, средства за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата, како и средства за други надоместоци.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-4071/1

18.06 2015 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот,
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи; и
- Архивата на Агенцијата.

